Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 октомври 1993 година.

Број 08 -3450/1
1 октомври 1993 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО, ПРЕСПАНСКОТО И ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО**

Член 1

Во Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Службен весник на СРМ“ број 45/77, 8/80, 51/88 и 10/90), во член 17 став 1 зборовите: „80.000 до 400.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „150 до 250 плати“.

Во став 2 зборовите: „4.000 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „седум до десет плати“.

Член 2

Во член 18 став 1 зборовите: „60.000 до 300.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „60 до 250 плати“.

Во став 2 зборовите: „3.000 до 15.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „шест до десет плати“.

Член 3

Во член 19 став 1 зборовите: „40.000 до 200.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „50 до 250 плати“.

Во став 2 зборовите: „2.000 до 10.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „пет до десет плати“.

Член 4

Во член 20 став 1 зборовите; „4.000 до 20.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „40 до 200 плати“.

Во став 2 зборовите: „400 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до 30 плати“.

Член 5

Во член 21 зборовите: „400 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до 30 плати“.

Член 6

Во член 22 зборовите: „400 до 2.000 динари“ се заменуваат со зборовите: „две до 30 плати“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.